**АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

---

Агенција за Остварување
на Правата на Заедниците

**НАСЛОВ: „ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА 2014 ГОДИНА“**

**ПОТПИС**
**ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ**
**ВЕСНА БАБИЌ – ПЕТРОВСКИ**

--------------------------------------------

**Скопје, Март 2015**

**1. Осврт по материјалот:**

Доставување на Извештај за работата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2014 година

**2. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства:**

Побарани мислења од: Секретаријат за законодавство, Секретартијат за спроведување на Рамковниот договор и Министерство за финансии.

**3. Разгледани можни решенија:**

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ (Службен Весник на РМ бр. 92/2008), Директорот поднесува извештај за работата на Агенцијата до Владата најмалку еднаш годишно до 31 март во тековната година за претходната година.

**4. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог):**

**6. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2014 година.

**7. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема фискални импликации.

**8. Очекувани влијанија:**

Подобрена имплементација на правата на заедниците во Република Македонија

**9. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**10. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Веднаш по усвојувањето, Извештајот за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2014 година ќе биде објавен на веб страницата на Агенцијата.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на Предлог- „Извештај за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2014 година“ | 2. Министерство / орган на државна управа:<br>Агенција за остварување на правата на заедниците | |
| 3. Цел на предлогот: Информација | 4. Вид на предлог: Информација со предлог заклучок | |
| 5. Контакт лице и звање: Софија Граовац, помлад соработник одделение за проекти и меѓународна соработка | Контакт тел./факс или е-пошта: тел. 02/3253971 070547511 sofija@aopz.gov.mk | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Активност: | | | |
| 7. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова Спогодба<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
| 8. Цел на барањето / предложената активност: | | | |
| 9. Врска со владината програма: | | | |

| 10. Фискални импликации: | (илјади денари)<br>2015 година | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| E. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| F. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>________________________________ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11. Нето зголемување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | / | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | / | | | |
| 14. Дата на завршување на проценката | / | | | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | / | | | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии: | / | | | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: | / | | | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | / | | | |

21. Одобрено:
30.03.2015 год.

Весна Бабиќ-Петровски

Директор
Агенција за остварување на правата на заедниците

Агенција за остварување на правата на заедниците
СКОПЈЕ

Агенција за Остварување на Правата на Заедниците

**„ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА 2014 ГОДИНА“**

Скопје, Март 2015

## 1. ВОВЕД

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е основана со Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ (Службен весник на РМ бр.92/08 од 22.јули 2008 год) заради следење на остварувањето и унапредувањето, заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% и надзор над спроведувањето на одредбите на законите со кои се утврдени тие права.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е самостоен орган на државната управа во својство на правно лице со седиште во Скопје, чии основни надлежности се остварување и унапредување на правата на заедниците од областа на вработувањето, согласно со принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, употреба на јазикот, образование (основно, средно и високо), културата и други области во кои со закон се утврдени правата на припадниците на заедниците.

Агенцијата својата надлежност ја спроведува врз основа на начелата на законитост, транспарентност, еднаквост, одговорност и правичност.

Во согласност со член 12 став 2 од Законот за унапредување и заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ, Директорот на Агенцијата го поднесува следниот извештајот за работа:

- Проектни активности
- Соработка и работа во комисии
- Меморандуми за соработка
- Извештај за учество на вработените на обуки
- Извештај за спроведени јавни набавки
- Извештај за спроведена постапка за вработување
- Финансиско работење на Агенцијата за 2014 година

## 2. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2014 година ги реализираше следните проектни активности:

### *2.1 ЗАЈАКНАТА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2014 година го реализира Проектот „Зајакната реализација на правата на заединиците“ финансиски подржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Целта на проектот беше јакнење на улогата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците во имплементација на домашните и меѓународни стандарди на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците во Македонија . Во рамките на проектот се реализираа следните активности:

#### *2.1.1 Партиципативен форуми на заедниците*

Со финансиска подршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2011 година започна со организација на **Партиципативен форум на заедниците.** Мисија на Форумот е унапредување на остварувањето на правата на заедниците преку поголемо учеството на припадниците на заедниците во процесите на креирање на политики и одлучување, како и размена на позитивни искуства и практики во областа на унапредување и заштита на правата на заедниците. Форумот се состои од 35 членови и во форумите учествуваат представници на граѓанските организации од заедниците, представници од релевантните институции во РМ, истакнати представници на заедниците како и представници на меѓународни организации во својство на набљудувачи.

**Во текот на 2014 година се организираа четири Партиципативни форуми:**

- **Пристап до фондови и грантови за поддршка на граѓанскиот сектор од заедниците**
- **Остварување и заштита на правата на заедниците на локално ниво**
- **Остварување на правото на пристап до медиумите и правото на информирање на заедниците на локално ниво**
- **Утврдување на степенот на имплементација на правата на заедниците да учествуваат во културниот живот на локално ниво**

За потребите на форумите од страна на домашни експерти беа изработени анализи во дадените области кои беа предмет на дискусија на форумите.

#### ***2.1.2*** **Оценката за спроведување на регулатива (ex-post евалуација) на *Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија***

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во соработка со Министерството за правда, финансиски поддржана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје започна со реализација на оценката за спроведување (ex-post евалуација) на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92 од 22.07.2008). Од процесот на оценка што се спроведе согласно Методологијата за оценка на спроведување на регулативата усвоена од страна на Владата на Република Македонија на 19.03.2013 година произлезе Нацрт извештајот за оценка на спроведување на законот.
Целта на овој процес беше да се оцени успешноста на процесот, резултатите и влијанието од спроведувањето на ЗУЗПЗ и да се идентификуваат областите за натамошно унапредување на неговата примена, со посебен акцент на ефективноста на воспоставениот механизам за унапредување и заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија – Агенцијата за остварување на правата на заедниците.
При изработка на извештајот беа собрани и обработени примарни податоци користејќи ги трите истражувачки алатки: интервју, фокус групи и анкетен прашалник. При тоа процесот овозможи вклучување на бројни институции, а со тоа и учење од различното искуство на владините и невладините актери во процесот на оценка на спроведување на ЗУЗПЗ.
Овој извештај во иднина ќе послужи за изготвување на Акциски план и подобрување на ЗУЗПЗ.

### *2.1.3 Обуки за човекови и малцински права*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организира тридневна Обука за обучувачи од областа на остварувањето на правата на заедниците наменета за вработените во Агенцијата и претставниците на граѓанските организации од заедниците. Целта на оваа обука беше подобрување на обучувачките вештини на вработените во Агенцијата и претставниците на граѓанскиот сектор од заедниците.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше Обуки за човекови и малцински права наменети за претставниците на граѓански организации кои работат на полето на заштитата и унапредувањето на правата на припадниците на заедниците, членовите на комисиите за односи помеѓу заедниците и претставници на локалната самоуправа. Дводневните обуки беа спроведени во шест региони и тоа: Скопски, Источен и Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Југозападен и Вардарски регион. Беа обучени вкупно 78 учесници. Обуките беа на тема човекови и малцински права, поконкретно:

1. Националното законодавство и практика за остварување на правата на заедниците
- Право на образование
- Право на информирање на мајчин јазик
- Право на употреба на јазик, писмо и симболи
- Начелото на соодветна и правична застапеност

2. Меѓународни стандарди за човекови и малцински права
- Организација на Обединети Нации
- Совет на Европа
- ОБСЕ

3. Дискриминација, криминал од омраза и говор на омраза

- Поим и видови на дискриминација
- Дискриминација врз основа на етничка припадност, стереотипи и предрасуди
- Криминал од омраза и говор на омраза

4. Национални механизими за остварување и заштита на правата на заедниците

- Агенција за остварување на правата на заедниците
- Народен правобранител
- Комисии за односи меѓу заедниците на локално ниво
- Комисија за заштита од дискриминација

За потребите на обуката беше изготвен наставен план за обучувачи насловен како **„Обука за правата на припадниците на заедниците“**. Овој наставен план е изготвен врз основа на методологијата на ОБСЕ, ОДИХР, која беше применета во модулот на наставен план за криминалот од омраза за судии и јавни обвинители. Моделот на наставниот план за обука беше изготвен од страна на АОПЗ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, при тоа земајќи го во предвид и времетраењето на обуките кое изнесуваше 2,5 дена, односно 20 часа со цел стекнувања на знаења за човековите права и правта на припадниците на заедниците, независно од тоа дали на обуката ќе учествуваат преставници на граѓански организации или вработени на државна администрација.

### *2.1.4 Промоција на прирачникот „Спроведување на правата на заедниците – практики, механизми и заштита“*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците, во текот на 2014 продолжи со реализација на промотивни настани на локално ниво, со цел подигање на свеста за правата на припадниците на заедниците. Прирачникот насловен како „Спроведување на правата на заедниците – практики, механизми и заштита“ беше промовиран во шест општини во Република Македонија: Кочани, Скопје, Делчево, Старо Нагоричане, Крушево и Центар Жупа.

### *2.1.5 Културна манифестација „Македонија наш дом“*

На 11. Декември 2014 година во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, со финаниска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, по втор пат, се одржа промотивен настан посветен на културните права на заедниците. Културната манифестација **под мотото „Македонија наш дом“**, се одржа во Театар Комедија, Скопје. На Манифестацијата со своја културно-уметничка програма се претставија дванаесет заедници од Република Македонија преку разни културни – уметнички друштва, вокални ансамбли, литерати , актери, солисти и останати естрадни уметници. Целта на настанот беше промовирање и зачувување на културата на заедниците со тенденција, Манифестацијата да продолжи да се организира секоја година во континуитет. На ваков начин заедниците имаат можност да и се претстават на поширокатa јавност со својата култура и традиција, а истовремено културната манифестација од ваков вид да има влијание врз подигање на јавната свест за значењето на мултикултурализмот во Република Македонија.

### *2.1.6 Веб страна на Агенција за оставрување на правата на заедниците*

Во текот на 2014 година се започна со надградување на постоечката веб страница на Агенцијата, со цел истата да претсатвува мултифункционална алатка за информирање на сите засегнати страни и целокупната јавноста. Веб страната на Агенцијата, ќе преставува мултијазична платформа во која ќе бидат содржани сите анализи, извештаи и концепти.

## *2.16 РЕГИОНАЛЕН ПРОЕКТ - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА*

Целта на заедничкиот проект на Европската унија и Советот на Европа „Унапредување на човековите права и заштита на малцинствата во Југоисточна Европа" е да се подобри пристапот кон правата на заедниците на различни нивоа на државната управа во Југоисточна Европа, а во согласност со стандардите на Советот на Европа на ова поле, а особено со Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (РКНМ) и Европската повелба за регионални или малцински јазици (ЕПРМЈ).

**Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Министерството за локална самоуправа, се институционален партнери за логистичка помош во реализација на задачите на проектот.**

Следниве три конкретни проектни задачи на комплементарен начин ќе придонесат кон постигнување на крајната цел на проектот:

1) Да се поддржат крајните корисници во унапредување на политиките и капацитетите за уживање на правата на заедниците во одредени општини во регионот;

2) Да се поддржат локалните власти да ги зајакнат политиките и капацитетите за спроведување на препораките во однос на правата на заедниците во пракса во одделни општини во регионот;

3) Давање поддршка за законодавни и измени на политиката на централно владино ниво, врз основа на доказите собрани на локално ниво и врз основа на препораките содржани во мониторинг извештаите на Советот на Европа.

Регионалниот проект се темели на давање поддршка за дефинирање на конкретни активности за отстранување на пречките за уживање на правата на заедниците на локално ниво со помош на тематски грантови, придружени со редовна локална и меѓународна експертиза на Советот на Европа на самиот терен.

Од вкупно триесет и шест општини во регионот, од Република Македонија беа селектирани пет општини врз база на претходно припремени проектни апликации кои се однесуваат на подобрување и унапредување на мултикултурниот живот во општината.

Кон крајот на 2014 година избраните општини потпишаа меморандуми за реализација на тематските грантови чија реализација ќе започне во 2015 година.

## *3. СОРАБОТКА И РАБОТА ВО КОМИСИИ*

3.1 Агенцијата за остварување на правата на заедниците активно учествува во работата на **Меѓуресорското тело за човекови права со кое раководи Министерството за надворешни работи.**

3.2. Агенцијата за остварување на правата на заедниците активно учествуваше во работата на **Комисијата за еваулација на проектот „Подршка на инстиутициите кои имплементираат политики релевантни за немнозинските заедници", ИПА-ТАИБ 2010, CFCD, Министерство за финансии.**

## *4. МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА*

4.1 Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу **Агенцијата за остварување на правата за заедниците и Мисијата на ОБСЕ во Р.Македонија за 2014 година**. Цел на Меморандумот е реализација на **проектот „ Зајакната реализација на правата на заедниците "** финаниски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## *5. ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ВРАБОТЕНИТЕ НА ОБУКИ*

Во текот на 2014 година вработените во Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествуваа на следниве обуки:

**„Управување со човечки ресурси"** – организирана од страна на Министерство за информатичко општесво и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Стратешко планирање"** - организирана од страна на Министерство за информатичко општесво и администрација. На оваа обука присуствуваа дванаесет државни службеници.

**„Комуникација во јавната администрација"** - организирана од страна на Министерство за информатичко општесво и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Добро владеење на правото и остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер"** - организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник

**„Антикорупциски мерки и етика во државната служба“** организирана од страна на Министерство за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Вовед во е-Влада“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваа двајца државни службеници.

**„Мултиплатформски систем за колаборација за е-седница“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Обука за назначено лице за комуникација со граѓани кои што имаат одреден вид и степен на попреченост“** - организирана од страна на Министерството за труд и социјална политика. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Запознавање со новите закони со јавна администрација“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваа двајца државни службеници.

**„Основи на Европска Унија“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Стартешко лидерство и вештини за креирање политики“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Лидерство“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Управување со човечки ресурси како витална функција на стратешкото планирање“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Менторство“** - организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Обезбедување на ефективни механизми за спречување и заштита од дискриминација“** - организирана од страна на Министерството за труд и социјална политика, во соработка со УН канцеларијата во Скопје. На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

## *5. ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ*

Во Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2014 година се спроведени две постапки за јавни набавки со објавување на оглас во ЕСЈН согласно член 100, 101 и 102 од Законот за јавни набавки (постапка со барање за прибирање на понуди) и тоа набавка на компјутерска опрема во висина од 56 443,00 денари и набавка на канцелариски мебел во висина од 82 175,00 денари со пресметан ДДВ од 5% и 18%.

## *6. ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНА ПОСТАПКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ*

Во текот на 2014 година Агенцијата за остварување на правата на заедниците заврши со целосно превземање на два државни службеници од Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија.

Со Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор е склучена спогодба за превземање на еден државен службеник и во моментот се чека на трансфер на средства од Министерство за финансии.

## *7.* ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Средствата за извршување на функцијата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, која во 2014 година изнесуваше 6.028.000 денари. Средствата во износ од 5.842.000 денари беа планирани за тековни расходи (плати, стоки и услуги и др.), додека 185.500 денари за капитални расходи (за купување на опрема-компјутерска и канцелариски мебел-бироа и работни столици). Буџетот е реализиран со 88 %, односно реализирани се расходи во износ од 5.281.543 денари. Тековните расходи се реализираа со 88 % што се проценува како исклучително совесно користење на средствата и соодветно квалитетно буџетско планирање. Капиталните расходи се реализираа со 75 %. Подолу е даден табеларен и графички приказ на расходите во 2014 година.

| **БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ од 01.01.2014 до 31.12.2014 година (во мкд)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **О п и с** | **Реализација** | **Буџет** | **% на реализација** |
| | **РАСХОДИ (вкупно)** | **5,281,543** | **6,028,000** | **88%** |
| **1** | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **5,142,925** | **5,842,500** | 88% |
| **1.1** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **4,033,319** | **4,153,000** | 97% |
| **1.2** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | |
| **1.3** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,109,606** | **1,689,500** | 66% |
| 1.3.1 | Патни дневни расходи | 2,675 | 30,000 | 9% |
| 1.3.2 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 810,871 | 1,150,000 | 71% |
| 1.3.3 | Материјали и ситен инветар | 44,643 | 50,000 | 89% |
| 1.3.4 | Поправки и тековно одржување | 80,818 | 80,000 | 101% |
| 1.3.5 | Договорни услуги | 153,950 | 364,500 | 42% |
| 1.3.6 | Други тековни расходи | 16,649 | 15,000 | 111% |
| 1.3.7 | Привремени вработувања | 0 | 0 | |
| **2** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **138,618** | **185,500** | 75% |
| 2.1 | Купување на опрема и машини | 56,443 | 100,000 | 56% |
| 2.2 | Градежни објекти | 0 | 0 | |
| 2.3 | Купување на мебел | 82,175 | 85,500 | 96% |
| 2.4 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | |
| | **ПРИХОДИ** | **5,281,543** | | |
| **1** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **5,281,543** | | |
| 1.1 | Трансфери од други нивоа на власт | 5,281,543 | | |
| 1.2 | Донации од странство | | | |

**РАСХОДИ во 2014 година**




**Буџет 2014, реализација**

